UNTAPPED EXPERTISE

ПРЕСПА ИНСТИТУТ
PRESPA INSTITUTE

# УНИФОРМИРАНА ДИПЛОМАТИЈА

## Маркирање феминистички курс за воената дипломатија на Северна Македонија

**Информативна студија**

Како воената дипломатија ги обликува меѓународните односи?

Какви промени донесе членството во НАТО?

Како е интегрирана родовата димензија во воената дипломатија на Северна Македонија?

**автори:** Никола Донев, м-р Лилјана Јоноски, м-р Ангела Кукушев и м-р Весна Шапкоски

**менторка:** проф. д-р Јулија Брсакоска-Базерскоска

Canada

CFLI/FCIL
Canada Fund for Local Initiatives
Fonds canadien d'initiatives locales

# УНИФОРМИРАНА ДИПЛОМАТИЈА

## Маркирање феминистички курс за воената дипломатија на Северна Македонија

**Информативна студија**
Како воената дипломатија ги обликува меѓународните односи? Какви промени донесе членството во НАТО?
Како е интегрирана родовата димензија во воената дипломатија на Северна Македонија?

**Издавач:** Институт ПРЕСПА - Скопје

**За издавачот:** Андреја Стојковски, извршен директор

**Автори:**
Никола Донев;
м-р Лилјана Јоноски, членка на работната група на експертки за надворешна и безбедносна политика;
м-р Ангела Кукушев и
м-р Весна Шапкоски, членка на работната група на експертки за надворешна и безбедносна политика

**Менторка:** проф. д-р Јулија Брсакоска-Базеркоска, членка на работната група на експертки за надворешна и безбедносна политика

**Дизајн и подготовка:** Бригада дизајн дооел

Скопје, Јануари 2024

Оваа публикација е дел од проектот Неискористена експертиза поддржан од Амбасадата на Канада преку канадскиот фонд за локални иницијативи. Ставовите, наодите и заклучоците или препораките кои произлегуваат од публикацијата или проектот се одговорност на авторите и поддржаната партнерска организација и не мора да ги одразуваат ставовите на партнерот за финансирање и неговата соодветна влада.

# СОДРЖИНА

**I. Вовед** 3

**II. Поим и дефиниција на воената дипломатија** 4

**III. Функции и задачи на воената дипломатија** 5

**IV. Значењето на воената дипломатија за малите држави** 7

**V. Воената дипломатија во Република Северна Македонија** 8

V.1. Правна и институционална рамка 8

V. 2. Задачи, цели и функции на воената дипломатија 10

V. 3. Воената дипломатија по членството во НАТО 10

V. 4. Воената дипломатија низ призмата на родовата еднаквост 11

**VI. Воената дипломатија на Северна Македонија - Патот натаму** 12

# I. ВОВЕД

Дипломатијата и нејзината сфера на дејствување е во постојан развој во сообразност со променливата природа на меѓународните односи. Глобализацијата на меѓународното општество и технолошкиот напредок имаа огромно влијание врз редефинирање на концептот на безбедноста на државата. Инхерентната променливост на безбедносните концепти ги натера државите да соработуваат поблиску преку вклучување во дипломатските односи на дополнителни структури, како што е безбедносниот и одбранбениот (**воен**) сектор, кои традиционално не биле дел од класичните дипломатски активности. Вклучувањето на воено-безбедносни структури во рамки на дипломатските активности воведе нов аспект во оваа сфера – така денес во рамки на дипломатијата се вклучува и воената дипломатија.

Целта на оваа студија е да се анализираат дипломатските активности на Република Северна Македонија во контекст на воената дипломатија. Во опсег на оваа студија е анализата на моменталната состојба на воената дипломатија во меѓународните односи, со посебен осврт на значењето на воената дипломатија за малите држави. Студијата дава осврт на основните цели, задачи и функции на воената дипломатија на Република Северна Македонија, правната рамка која го овозможува нејзиното функционирање, како и нејзината организациона поставеност и родовата еднаквост во тој контекст, со посебен осврт на влијанието на членството на НАТО врз развојот на воената дипломатија. Како производ на оваа анализа ќе произлезат препораки за понатамошен развој на воената дипломатија на Република Северна Македонија.



# II. ПОИМ И ДЕФИНИЦИЈА НА ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА

Пред дискусијата за функциите, задачите и активностите на воената дипломатија најпрво треба да го дефинираме поимот воена дипломатија. Во литературата се провлекуваат два поими: **одбранбена дипломатија** (*Defence Diplomacy*) и **воена дипломатија** (*Military Diplomacy*). Двата концепти се користат како синоними во литературата и практиката, земајќи го во предвид променетиот контекст на безбедноста после падот на Советскиот Сојуз, а особено по терористичките напади од 11ти септември 2001 год. и отпочнувањето на „*војната против тероризмот*"[1] Поради овие причини студијата го користи поимот воена дипломатија како прифатен поим во македонската и регионалната научна литература.

Воена дипломатија е релативно нов поим, кој произлегува од потребата да се објасни соработката помеѓу државите и меѓународните организации по крајот на Студената Војна преку една нова политичка терминологија. Првите обиди за дефинирање на воената дипломатија потекнуваат од Обединетото Кралство од документите на Министерството за одбрана од 1998 година. Различни држави додаваат содржина во дефинирањето на терминот, која одговара на нивните потреби поврзани со безбедносната политика. Во зависност од праксата на државите може да се разликуваат потесни или пошироки дефиниции за поимот на воена дипломатија, но постои тренд на проширување на концептот како адаптација кон новите предизвици и состојби во безбедносниот сектор и во развојот на меѓународните воени организации, особено на НАТО.[2]

При дефинирањето на концептот на воената дипломатија, како карактеристики се издвојуваат актерите кои учествуваат во водењето на овој вид на дипломатија, какви цели остварува оваа дипломатија и каква е природата на активностите. Главни актери на воената дипломатија се припадниците на воените сили или цивили во рамки на министерствата за одбрана кои со своите активности целат кон остварување на надворешно-политичките цели на државата. Притоа, активностите за остварување на овие цели се ненасилни, односно без употреба на воена сила. Во овие рамки се чини дека е најсоодветна дефиницијата на Ерик Пајтинка која ќе биде користена за целите на оваа студија. Според Пјатинка: „[**Воената дипломатија** е] *збир на активности што главно ги спроведуваат претставниците на органите на државната одбрана, како и на другите државни институции, насочени кон остварување на надворешно-политичките интереси на државата во областа на безбедносната и одбранбената политика и чие дејствување се заснова на употреба на преговори и други дипломатски инструменти*"[3].

[1] Lech Drab, "Defence diplomacy – an important tool for the implementation of foreign policy and security of the state", Security and Defence Quarterly 20 no. 3 (2018), стр: 57–71. doi:10.5604/01.3001.0012.5152.

[2] Davor Ćutić, "Defence Diplomacy and International Relations," Strategos 6, no. 2 (2022), стр: 59–75.

[3] Erik Pjatinka, "Military Diplomacy and its Present Functions" Security Dimensions, no.20 (2016), стр: 179.

# III. ФУНКЦИИ И ЗАДАЧИ НА ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА

Функциите и задачите на воената дипломатија не може да ги разгледуваме надвор од рамката на функциите и задачите кои ги има општата дипломатија. ***Виенската конвенција за дипломатски односи*** од 1961[4], ги определува функциите на дипломатската мисија кои се состојат во: претставување на државата; заштита во државата; преговарање со владата на државата во која се акредитира; известување за развојот и состојбите во државата во која се акредитира; унапредување на пријателските односи помеѓу државите. Воената дипломатија е дел од целокупната дипломатија која се занимава со специфичните аспекти на вооружените сили во контекст на меѓународните односи. Функциите на воената дипломатија се совпаѓаат со основните функции на дипломатијата ставени во контекст на специфичностите на војската.[5]

Функциите на воената дипломатија се менувале значително во различни историски контексти, но денес може да се издвојат 5 основни функции:

1) Собирање и анализа на информации за вооружените сили и безбедносната состојба во државата во која се акредитира;

2) Унапредување на соработката, комуникацијата и меѓусебните односи меѓу вооружените сили на државата која акредитира и државата во која се акредитира;

3) Организирање на работни посети на претставниците на одбранбените органи и мирен престој на воените единици на државата која акредитира и државата во која се акредитира;

4) Поддршка на деловни договори со оружје и воена опрема помеѓу државата која акредитира и државата во која се акредитира; и

5) Претставување на државата испраќач и нејзините вооружени сили на официјални церемонии и други официјални настани во државата на прием.[6]

Поаѓајќи од функциите на воената дипломатија, може да ги определиме нејзините цели кои се состојат во:

- Фокусирање на минимизирање на непријателството и градење доверба помеѓу државите (во оваа смисла, тоа е „*закотвено*“ во општите задачи на дипломатијата);
- Регионално и глобално вклучување на државите, со помош на „*мирна употреба на воениот персонал за спречување конфликти*“ е да се создаде стабилна и долготрајна соработка и да се промовира транспарентност во областа на одбраната;
- Да служи во имплементацијата на заедничките наднационални цели;
- Дизајнирање политики кои ќе служат за промената на позицијата на партнерите;
- Поддршка во спроведувањето на законските прописи за широки безбедносни прашања;
- Одржување дијалог со партнерите, кој може да биде цел на дејствијата, како и инструмент кој води кон спроведување на неговите специфични интереси. Како резултат на тоа, директно придонесува за зајакнување на довербата и разбирањето во меѓународните односи.[7]



4 Vienna Convention on Diplomatic Relations, Vienna, 18 April 1961, United Nations, Treaty Series, vol. 500, стр. 95, достапна на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_1_1961.pdf

5 Зоран Јовановски, Воена Дипломатија, Скопје, 2018), https://eprints.ugd.edu.mk/29616/

6 Според: Erik Pjatinka, "Military Diplomacy and its Present Functions" Security Dimensions, no.20 (2016), стр: 179–194.

7 Lech Drab, "Defence diplomacy – an important tool for the implementation of foreign policy and security of the state", Security and Defence Quarterly 20 no. 3 (2018), стр: 57–71. doi:10.5604/01.3001.0012.5152.

Поради специфичните актери вклучени во воената дипломатија и нејзината природа, како пример за задачи и активности кои се преземаат во рамки на воената дипломатија може да ги наведеме:

- Стратешки безбедносни дијалози на високо ниво;
- Соработка во нетрадиционални безбедносни области;
- Регионална одбранбена и безбедносна соработка;
- Програми за воена образовна размена;
- Претставување на повеќе држави од еден претеник;
- Претставување на една држава од страна на одбранбениот претеник на држава сојузник или партнер во некои активности;
- Заеднички акции за помош;
- Соработка на државите партнери за помош на трети држави преку претставници на одбраната;
- Вработување на специјалисти од државите партнери за помош и консултации за одредено прашање;
- Вработување на специјалисти од државите партнери за помош во реформите во безбедносниот сектор;
- Вградување на воен персонал;
- Доверба и безбедносни мерки;
- Заедничка помош во обновата на паднатите држави;
- Заедничка подготовка и реализација на градежни проекти (објекти кои му се потребни на локалното население, како што се училишта, болници, мостови, патишта, бунари итн.);
- Воено-индустриска соработка;
- Набавка на оружје и опрема како и развој на нови технологии;
- Заеднички вежби;
- Учество во мисии и операции, како и воени вежби со цел развој на заеднички способности и компатибилност;
- Изградба на воена организација;
- Програма за помош за воена обука.[8]

[8] Davor Ćutić, "Defence Diplomacy and International Relations," Strategos 6, no. 2 (2022), стр: 59–75.

# IV. ЗНАЧЕЊЕТО НА ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА ЗА МАЛИТЕ ДРЖАВИ

Кога станува збор за дипломатијата на глобално ниво, како алатка на меѓународните односи и меѓународната политика, дипломатијата на големите држави е онаа што го добива најголемото внимание и која што се смета за клучен двигател на меѓународно ниво. Сепак, и дипломатијата на малите држави, која има доволно свои специфики, може да се смета како тема вредна за посебна анализа. Во исто време, анализата на дипломатијата на малите држави може да даде особен придонес во обезбедувањето увид во пошироките теми, цели и методи на дипломатијата воопшто.

Малите држави се составен дел на меѓународниот поредок, при што од особено значење е да се напомене дека ова е неофицијална категорија која не е целосно и прецизно дефинирана. Најчесто, во обидот да се класифицираат малите држави, се користи бројноста на населението како најјасна дефиниција. Сепак, дури и дефинициите засновани на население се разликуваат. Така, **Светска Банка** и **Комонвелтот** имаат тенденција да користат праг од 1,5 милиони луѓе за вбројување во категоријата на мали држави, какви што е проценето дека постојат вкупно четириесет и пет во рамки на ООН.[9] **Форумот на мали држави** (*Forum of Small States* - **FOSS**), доброволна и неформална група во рамки на ООН, ги дефинира малите држави како оние со население од помалку од 10 милиони луѓе. Вкупно 105 држави се членки на Форумот, иако населението на некои членки го има надминато тоа ниво откако се приклучиле на групата.[10]

Малите држави ги следат истите цели за безбедност, просперитет и благосостојба на своите граѓани како и големите држави, и ја водат својата дипломатија користејќи ги истите дипломатски алатки. Сепак, малите држави имаат ограничен сет на човечки и материјални ресурси кои можат да ги посветат на задачите на дипломатијата, па тоа често значи дека не можат со потребен капацитет да се заложат на меѓународно ниво за проблемите со кои се соочуваат, кои дури и да се помали по обем, за нив може да бидат исклучително важни или итни. Поради поограничен опсег на човечки и материјални ресурси кои малите држави можат да ги посветат на безбедноста, тие вообичаено имаат и помали дипломатски мисии и доколку во своите рамки имаат и свои претставништва, генерално имаат еден воен аташе и негов заменик, додека поголемите држави имаат претставници за сите поважни родови на војската.[11] Тие често имаат ограничени можности за употреба на воена сила, без разлика дали е тоа како одбранбена или како превентивна мерка. Затоа, дипломатскиот процес, односно воената дипломатија, станува критично важен аспект на нивниот пристап кон безбедноста, понекогаш повеќе отколку што тоа може да биде за поголемите држави.

Со оглед на дефинирањето на воената дипломатија како средство за реализација на целите на надворешната политика на една држава преку мирољубиво ангажирање на одбранбените ресурси и капацитети, а имајќи ги во предвид предизвиците кои нивната ограниченост ги носи, воената дипломатија на малите држави се соочува со голем број на недостатоци и пречки, кои можат да ја ограничат. Сепак, со стратешки структуиран пристап овие ограничувања и предизвици можат и да бидат искористени во полза на малата држава. Меѓу главните слабости на малите држави се нивните малубројни воено-дипломатски сили и ресурси. Но, малите држави ја имаат таа предност и можност да ги претворат посебните карактеристики на поседување мали административни капацитети и странски служби во предност. Тие треба да развијат административна компетентност врз основа на посебните карактеристики на малата администрација како што се неформалноста, флексибилноста и поголема автономија на службениците, во споредба со големите администрации.[12] Малите држави можат исто така, успешно да ги имплементираат стратегиите на приоретизирање, градење коалиции и градење имиџ за да извршат влијание.[13]

9 A. Ó Súilleabháin, "Small States at the UN" Small States at the United Nations: Diverse Perspectives, Shared Opportunities, International Peace Institute, (2014), JSTOR: стр.3–4, достапно на: http://www.jstor.org/stable/resrep09619.6

10 Ibid.

11 Воените аташеа обично имаат свои вообичаени воени звања - генерал, полковник, мајор капетан, во зависност од тоа дали ја претставуваат војската на државата којашто акредитира во целина, или пак некои нејзини родови.

12 S. Steinsson and B. Thorhallsson, "Small State Foreign Policy", *The Oxford Research Encyclopedia of Politics*, Oxford University Press (2017) DOI: 10.1093/acrefore/9780190228637.013.484.

13 Ibid.

# V. ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

За остварувањето на суверeноста и зачувување на територијалниот интегритет на една држава, неопходно е воспоставување на ефективен и ефикасен безбедносен и одбранбено-заштитен систем. Пред овој предизвик е исправена и нашата држава од осамостојувањето во 1991-та година. Во сложената констелација на меѓународни односи, државата мора да го пронајде адекватниот модус како мала држава да ја заживее и развива меѓународната соработка со цел за понатамошно интегрирање на државата во постоечките колективни системи за безбедност и одбрана. Заедно со процесот на признавање на државата во меѓународната заедница, се структурира безбедносниот, како и одбранбено-заштитниот систем. За таа цел, произлегуваат и првите воено дипломатски активности почнувајќи со создавање на правната рамка за воената дипломатија.

Потоа следуваат процесите на: институционализирање на воената дипломатија; утврдување на приоритети; кадровско и материјално-техничко оспособување на воената дипломатија; поставување на наши претставништва и нивно оспособување за работа; интензивирање на соработката со колективните системи за одбрана, а особено со НАТО; воспоставување на меѓу армиска соработка помеѓу АРМ и армиите на повеќе држави членки на ЕУ; како и воспоставување соработка меѓу образовните институции и воени академии кои школуваат кадри за потребите на одбраната.[14]

## V. 1. ПРАВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Принципот на политичка, односно цивилна, контрола врз вооружените сили е централен во современите демократски држави. Во оваа смисла, во Северна Македонија, функциите и задачите на вооружените сили се правно врамени во Уставот, законите и подзаконските акти, а институционално преку Претседателот на Републиката, Собранието и Владата, односно Министерството за одбрана.

Правната рамка на воената дипломатија во Северна Македонија е дадена во **Законот за одбрана**[15] и **Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија**[16], како и во подзаконските акти донесени согласно овие закони.

**Законот за одбрана** ја пропишува улогата на Претседателот на Република Северна Македонија, кој има надлежност да *„поставува и отповикува одбранбени аташеа и воени претставници на предлог на министерот за одбрана.“*[17] Ова е во согласност со уставната улога на Претседателот како Врховен Командант на вооружените сили на Република Северна Македонија[18] и надлежностите во врска со поставување и отповикување со указ на амбасадорите и пратениците на Република Северна Македонија во странство, како и примањето на акредитивните и отповиковните писма на странските дипломатски претставници.[19] Законот како надлежности на Владата на Република Северна Македонија ги пропишува донесувањето на уредби за *„координација на работата, односите и организацијата во дипломатските претставништва, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката“*[20] Дополнително, Генералштабот на Армијата му предлага на Министерството за одбрана *„лица на служба во Армијата за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва, одбранбени аташеа, воени аташеа и воени претставници и на должности во команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката“*[21] Во рамки на Законот за одбрана, Собранието на Република Северна Македонија има функција во остварување на одбраната преку вршење надзор врз Владата, донесување на буџетот, одлучување за испраќање на припадници на Армијата надвор од територијата на Републиката за учество во меѓународни операции и други функции пропишани со законот.[22]

---

[14] Т. Петрески, „Улогата на воената дипломатија во зачленувањето на Република Македонија во НАТО“ *Современа македонска одбрана, бр.21* (2011): стр. 87–103.

[15] Службен весник на Република Македонија број 42/2001 со сите последователни измени, достапни на линк: https://mod.gov.mk/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D0%BE%D0%B4%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B0/

[16] Службен весник на Република Македонија број 36/2010 со сите последователни измени, достапни на линк: https://morm.gov.mk/inc/uploads/2017/02/Zakon-za-sluzba-vo-ARM-precisten-tekst-fev-2017.pdf

[17] Член 18 од Законот за одбрана, Службен весник бр.42/2001, бр.5/2003, бр.58/2006, бр.110/2008, бр.51/2011, бр.151/2011, бр.251/2015, бр.42/2020.

[18] Член 79 од Уставот на Република Македонија, Службен весник бр.52 од 22.11.1991 год.

[19] Член 84 од Уставот на на Република Македонија, Службен весник бр.52 од 22.11.1991 год.

[20] Член 19 став 10 алинеја 10 од Законот за одбрана, Службен весник бр.42/2001, бр.5/2003, бр.58/2006, бр.110/2008, бр.51/2011, бр.151/2011, бр.251/2015, бр.42/2020.

[21] Член 25 став 8-а од Законот за одбрана, Службен весник бр.42/2001, бр.5/2003, бр.58/2006, бр.110/2008, бр.51/2011, бр.151/2011, бр.251/2015, бр.42/2020.

[22] Член 17 од Законот за одбрана, Службен весник бр.42/2001, бр.5/2003, бр.58/2006, бр.110/2008, бр.51/2011, бр.151/2011, бр.251/2015, бр.42/2020.

**Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија** ги уредува статусот, правата, обврските, должностите и одговорностите на персоналот на служба во Армијата на Република Северна Македонија, како и системот на плати и надоместоци на плати и други прашања во врска со службата во Армијата. Законот предвидува дека служба во Армијата врши воен и цивилен персонал.[23] Член 199 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија предвидува дека *воени претставници* на Република Северна Македонија се: **одбранбени аташеа**, **воени аташеа** и **воен и цивилен персонал на служба во Армијата** упатени на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди и штабови на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.[24] Овие воени претставници имаат дипломатски статус. Посебните задачи на овие претставници не се понатаму диференцирани во рамки на законот.

Министерството за одбрана го допрецизира начинот на избор, условите и задачите на цивилниот и воениот персонал на Армијата и Министерството за одбрана преку **Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените на Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатски претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката**, донесен на 11 март 2021, а последно изменет на 14 февруари 2023.[25] Пропишани услови кои мора да ги исполнува кандидатот/кандидатката според член 6 се:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Да не е осудуван за кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку шест месеци, односно за кривично дело во врска со службената должност, или за друго кривично дело што го прави недостоен за претставување на Републиката,
- Против него да не е изречена дисциплинска мерка за дисциплински престап во последните три години од вршењето на службата,
- Да не му е изречена казна, забрана на вршење на професија, дејност или должност,
- Доколку лицето - кандидатот е административен службеник, да биде службено оценето со најмалку оценка „Б», односно втора по висина оценка во последните две години пред упатувањето,
- Доколку кандидатот е лице на служба во Армијата, да биде оценет најмалку со службена оценка „се истакнува» по четирите критериуми и позитивна оценка од физичките проверки во последните две години пред упатувањето (доколку подлежи на истите),
- Да има општа здравствена и психофизичка способност, коа ја потврдува со лекарско уверение не постаро од една година, издадена од овластена медицинска установа, односно со наод и оценка од единицата за медицинска поддршка во Армијата,
- На денот на упатувањето да поседува соодветен безбедносен сертификат,
- Активно да го познава англискиот јазик и истото да го докаже со соодветен сертификат во моментот на аплицирање, а лицата кои не поседуваат валиден **СТАНАГ 6001** сертификат, ќе се упатат на тестирање заради проверка на степенот на познавање на англискиот јазик според наведениот стандард. За должностите за кои не е потребно познавање на англиски јазик согласно СТАНАГ 6001, да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик: СТАНАГ 6001, ЦАЕ (**CAE**), ИЕЛТС (**IELTS**), ТОЕФЕЛ (**TOEFL**), ТОЕФЕЛ ЦЕТ (**TOEFL CBT**), ТОЕФЕЛ ИБТ (**TOEFL IBT**) или друг меѓународно признат сертификат за познавање на англискиот јазик издаден од европски или глобален јазичен тестатор, со ниво на познавање еквивалентно на Ц1 (**C1**) ниво на ЦЕФР (**CEFR**)
- Да ги исполнува општите и посебните услови утврдени со Интерниот оглас во зависност од меѓународната должност на која се упатува,
- На денот на индикативното упатување да поминале најмалку 24 месеци, од денот на завршување на претходниот мандат.

Како дел од подготовката за упатување на должност согласно член 14 од Правилникот: „*организационата единица во Министерството надлежна за меѓународна соработка ги координира активностите со другите организациони единици во Министерството за одбрана и со Министерството за надворешни работи, во насока на навремено издавање на потребните акредитиви, согласности и нотификации, како и потребната документација за утврдување на дипломатскиот статус на избраните лица за упатување на меѓународна должност.*“

[23] Член 2 од Закон за служба во Армијата на Република Македонија, Службен весник бр. 36/2010.

[24] Член 199 став 1 алинеја 1 од Закон за служба во Армијата на Република Македонија, Службен весник бр. 36/2010.

[25] Правилникот е достапен на веб страната на Министерството за одбрана - https://mod.gov.mk/%d0%b-b%d0%b5%d0%b3%d0%b8%d1%81%d0%bb%d0%b0%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0/#1631176294821-1ca1cbde-bcd3 .

## V. 2. ЗАДАЧИ, ЦЕЛИ И ФУНКЦИИ НА ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА

Задачите на воената дипломатија се делат на **задачи од протоколарна природа**, **задачи од стручно-функционална природа** кои произлегуваат од Виенската конвенција за дипломатски односи и **задачи од тајна** (*разузнавачка*) **природа** кои пред воено дипломатските претставништва се поставени од разузнавачката служба и нејзините институции.[26] Задачите на воената дипломатија на Република Северна Македонија се состојат главно од претставување на своите вооружени сили, штитење на нивните интереси и интересите на нивните припадници. Како една од целите на воената дипломатија е обврската да придонесе за поголема меѓусебна доверба помеѓу државите, вклучително и меѓу соседите, како и заеднички разбирања за главните безбедносни прашања. Во таа насока, воената дипломатија има и цел да придонесе во операциите за поддршка на мирот и хуманитарна помош, особено во напорите за справување со хуманитарни кризи и катастрофи. Воената дипломатија треба да биде во функција на заштита на пошироките интереси на Република Северна Македонија, истовремено придонесувајќи за решавање на регионални конфликти и кризи, како и учество со здружени сили во мировни операции предводени од ООН и НАТО.

Воената дипломатија во Република Северна Македонија можеме да ја разгледуваме преку воената дипломатија на врвот, која всушност претставува највисока институција на воената дипломатија. *Високата воена дипломатија* е претставена од делегации на Република Северна Македонија, составени од членови на највисокото политичко и воено раководство. Членовите од воеIното раководство се припадници на Министерството за одбрана, како и Началник на Генералштабот и нивните најблиски соработници. Воената дипломатија на врвот има круцијална задача во воспоставувањето на основните контакти со странски политички и дипломатски претставници, за понатамошно развивање и обликување на воените односи. Во таа смисла, контакти се остваруваат и со претставници на одбранбено безбедносните и воените институции со заедничко дејствување и разбирање на одбранбено безбедносните прашања.[27]

## V. 3. ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА ПО ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО

Република Северна Македонија официјално стана членка на НАТО во март 2020 година со депонирање на инструментот за пристапување.[28] Сепак, свој постојан претставник во НАТО Република Северна Македонија испрати во 2021 година. Процесот за заминување на постојаниот претставник во мисијата во НАТО беше одолговлекуван, главно, поради предвремените парламентарни избори, како и поради опозициската блокада на собраниската Комисија за надворешни работи на веќе назначените дипломатски претставници.[29] Членството на Република Северна Македонија во НАТО значеше и реформирање на одбранбената политика на државата со цел на усогласување со генералните политики и стандарди на НАТО. Во овој контекст најголем дел од напорите и ресурсите за реорганизација и реформи се токму во насока на интеграција во НАТО.

Во **Стратегијата за одбрана** донесена во март 2020, во основните определби на одбранбената политика е континуирана меѓународна соработка и *„активна одбранбена дипломатија, билатерална и мултилатерална, одбранбена и воена соработка заснована на принципите на* ***Pooling&Sharing*** *и* ***Smart Defence****.“*[30] Дополнително, во системот за одбрана *„ќе се развиваат и способности за асистенција, обука, справување со ефектите на хуманитарни катастрофи, сајбер-одбрана, цивилно-воена интеракција, како и воена дипломатија.“*[31] Во рамки на долгорочниот план за развој на одбранбени способности 2019-2028 донесен во 2019 година, како долгорочна цел за развој дефинирано е *„зајакнување на одбранбената дипломатија и соодветно учество со персонал во командната и воената структура на НАТО, како и останатите организации и структури на Алијансата.“*[32]

Во **Стратегискиот одбранбен преглед** 2018 година на Република Македонија: Кон членството во НАТО и „Идни вооружени сили 2028“, се нотираат конкретни чекори на Министерството за одбрана во доменот на меѓународната одбранбена соработка и одбранбена дипломатија. Се предвидува ревидирање на постојната Стратегија за одбранбена дипломатија и методологијата за селекција, избор и обука на персоналот во одбраната и дипломатски персонал;

26 Т. Петрески, „Улогата на воената дипломатија во зачленувањето на Република Македонија во НАТО“ *Современа македонска одбрана, бр.21* (2011): стр. 41–57; M. Ogorec, *Vojno diplomatska praksa.* Zagreb: Golden marketing-Tehnička knjiga (2005).

27 Т. Петрески, „Улогата на воената дипломатија во зачленувањето на Република Македонија во НАТО“ *Современа македонска одбрана, бр.21* (2011): стр. 47–48.

28 NATO, North Macedonia joins NATO as 30th Ally: https://www.nato.int/cps/en/natohq/news_174589.htm

29 360степени, Македонскиот дипломатски претставник, конечно, „влезе“ во НАТО, 2021 https://360stepeni.mk/makedonskiot-diplomatski-pretstavnik-konechno-vleze-vo-nato/.

30 Стратегија за одбрана, достапна на https://pretsedatel.mk/стратегија-за-одбрана-на-република-се/

31 Ibid.

32 Долгорочен план за развој на одбранбени способности 2019-2028, достапен на: https://mod.gov.mk/storage/2021/05/ДПРОС–2019–2028–finalna-verzija.pdf.

измени и дополнувања на релевантните закони и прописи како Законот за надворешни работи и на подзаконските акти од оваа област со цел да се дефинира статусот на персоналот од одбраната.[33] Оваа студија и препораките кои ги содржи можат да бидат мини придонес на авторите кон ревизијата на стратегијата, односно кон идните измени на Законот за надворешни работи.

## V. 4. ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

Уставното начело за забрана на дискриминацијата по различни основи, вклучително и родовата дискриминација се рефлектира и во одбраната. На меѓународно ниво особено е значајна **Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ООН** од 2000 година каде се повикуваат *„државите-членки да обезбедат зголемена застапеност на жените на сите нивоа на одлучување во националните, регионалните и меѓународните институции и механизми за спречување, управување и решавање на конфликти*".[34]

Во насока на имплементирање на оваа резолуција се донесени два национални акциски планови. Првиот акциски план е донесен во 2012 за периодот 2013 до 2015, додека вториот е донесен во 2020 за периодот 2020 до 2025 година кој е во тековна реализација. Вториот национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата 1325 на ООН – Жени, мир и безбедност 2020-2025, определува 5 стратегиски цели: 1) **лидерство**; 2) **вклученост**; 3) **олеснување**; 4) **комуникација**; и 5) **образование и обука**. Во рамки на овие стратегиски цели се определуваат среднорочни и крајни ефекти, како и работни процеси во делот на законодавството, политиките, процесите, промените во однесувањето и културолошка свест и прифаќање.[35] Специфичните активности и индикатори се определени во оперативниот план за имплементација на националниот акциски план кој беше донесен во 2021. Во делот на воената дипломатија оперативниот план во рамки на првата стратешка цел, лидерство, определува специфична стратешка цел за зголемување на бројот на жените лидери во мировни мисии, регионални и меѓународни организации и одбранбено дипломатските претставништва, односно предвидува 30% од вкупниот број упатени претставници да бидат жени.[36] Во рамки на Министерството за одбрана формирано е *Тело за координација, мониторинг и евалуација* како примарен национален оперативен механизам за обезбедување на ефикасно и транспарентно спроведување на планот. Телото е формирано во јануари 2021 година, а во ноември 2021 година е преименувано во **Работна група за координација, мониторинг и евалуација за имплементација на Вториот национален акциски план**. Според годишниот извештај за реализација на активностите од вториот акциски план за 2021 е наведено зголемување на процентот на жени-воен персонал од Армијата кои се упатени во меѓународни мисии во 2021 година од 1,7% во 2020 на 6,5%.[37] Во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија има вкупно 21 лице на НАТО сертифицирани родови обучувачи, од кои 14 се жени и 7 се мажи.[38] Овие обучувачи се задолжени за подигање на родовата свест преку спроведување на родови обуки во Министерството и Армијата.

[33] Стратегиски одбранбен преглед 2018 на Република Македонија: Кон членството во НАТО и „Идни вооружени сили 2028", достапен на https://mod.gov.mk/storage/2021/06/СОП-мкд-верзија-05-07-2018.pdf

[34] S/RES/1325 (2000) https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N00/720/18/pdf/N0072018.pdf?OpenElement

[35] Втор национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата 1325 на ООН – Жени, мир и безбедност 2020-2025, достапен на: http://www.mod.gov.mk/inc/uploads/2021/06/Second-NAP-North-Macedonia_MKD–1.pdf

[36] Оперативен план на министерството за одбрана за имплементација на Вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација за Резолуцијата на Организацијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност" (2020 – 2025) – стратегиска рамка, достапен на: https://mod.gov.mk/storage/2021/01/OP-na-MO-za-implementacija-na–2–nacionalen-akciski-plan–2020–2025.pdf

[37] Годишен извештај за реализација на активностите предвидени во оперативните планови за 2021 година за имплементација на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност" (2020 – 2025) – стратегиска рамка, достапен на: https://mod.gov.mk/storage/2022/06/Prv-godisen-Izvestaj-za-implementacija-na-Vtor-NAP-MKD.pdf

[38] Интеграција на родова перспектива во военото образование и обуки на одбранбените системи во државите од Западен Балкан - Студија за почетната состојба, достапна на: https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-Security/——.pdf, стр. 192–220.

# VI. ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ПАТОТ НАТАМУ

Членството на Република Северна Македонија во НАТО додава нова димензија на концептот на одбрана на државата и можност за развој на воената дипломатија. Во оваа насока постојат повеќе препораки:

1. **Зголемена интер министерска соработка помеѓу Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи во доменот на обука и подготовка на воено-дипломатски претставници за нивно упатување на мисии**.
   Соработката помеѓу министерствата е особено важна за споделување на ограничените ресурси со цел на нивно ефикасно и ефективно искористување.

2. **Детално уредување на условите и процесот за селекција на воено-дипломатски претставници со цел зголемување на интегритетот**.
   Уредувањето на условите и процесот на селекција би го зголемило интегритет на самата институција, би се инсистирало на селекција по стручност и заслуги и би се намалила можноста за корупција.

3. **Понатамошна меѓународна соработка за развој на капацитети**.
   Соработката на билатерално и мултилатерално ниво, како и во рамки на меѓународните безбедносни организации, треба да се искористи во насока на градење на домашните капацитет со цел да се зголеми стандардот во доменот на безбедноста. За оваа цел е потребен професионален и стручен воено-дипломатски кадар.

4. **Доследна имплементација на Вториот национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата 1325 на ООН – Жени, мир и безбедност 2020-2025**.
   Родовиот аспект во доменот на одбраната е особено значаен за соочување со дискриминаторските практики и однесување со цел адресирање на различните потреби на луѓето во услови на конфликт.

5. **Вклучување на сите засегнати страни во градењето на одбраната**.
   Уставниот поредок и цивилната контрола врз вооружените сили нужно бараат вклучување на сите засегнати страни. Во овој контекст, координацијата помеѓу Владата, Претседателот и Собранието е особено важна со цел хармонизирање на ставовите во врска со безбедносни прашања. Дополнително, Собранието има важна улога да врши надзор врз процесите во рамки на одбраната и определувањето на буџетски средства.

